КОНОПОТ ЗА МЕДИЦИНСКА УПОТРЕБА ВО МАКЕДОНИЈА – ЗДРАВЈЕ ИЛИ БИЗНИС?

РЕЗИМЕ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

Извршно резиме

Долгонајавуваната легализација на медицинскиот коноп во Македонија, која стапи на сила со измените на Законот за контрола на дроги и психотропни супстанции од февруари 2016 година, не ги исполни очекуваните цели. Легално достапните форми на коноп не ги отсликуваат потребите за лекување различни болести и здравствени состојби, продажните цени се премногу високи, лекарите-специјалисти само спорадично и со скептицизам препишуваат препарати од коноп, а пациентите продолжуваат да ги набавуваат лековите од црниот пазар. Овој документ ги утврдува пропустите во актуелното законско решение што резултираат со негова несоодветна примена. Освен тоа, документот ги сумира искуствата и ставовите на клучните засегнати страни и прави преглед на моделите за регулација на медицински коноп во неколку земји, врз чија основа предлага алтернативни решенија за унапредување на пристапот до овие лекови за пациентите во Македонија. Во таа насока, неопходно е изготвување ново законско решение што ќе овозможи легален пристап до лекови од коноп во различни форми и со концентрации соодветни за третман на многу повеќе здравствени состојби од сега дозволените, но и со цени што ќе бидат во рамките на финансиските можности на граѓаните. Ова подразбира и укинување на строгите услови за одгледување коноп, додавање дел од лековите на позитивната листа, како и креирање простор за пациентите, или од нив назначени лица, да можат сами да ги подготвуваат препаратите од коноп за сопствена употреба.

Проектот "Граѓаните во Собранието: Законодавни иницијативи за човекови права" е финансиран од Европската Унија

Лековитото дејство на конопот било познато уште пред нашата ера. Но современата мед ицина долго време ја запоставуваше терапевтската потентност на оваа билка, веројатно поради трендот на прохибиција, од причини кои се надвор од фокусот на овој документ, која започна кон крајот на 1930-тите. Сепак, во изминатите неколку декади се намножија научните докази за ефективноста на препаратите од коноп во лекувањето на многубројни здравствени состојби, меѓу кои: мултипла склероза, епилепсија, малигни заболувања, ревматоидни воспаленија на зглобовите, Паркинсонова болест, Кронова болест, кахексија, покачен очен притисок, депресија, хронична болка, како и за ублажување на несаканите ефекти од хемотерапијата за рак, лекувањето за жолтица и ХИВ, и многу други. Затоа, многу земји ја земениja прохибицијата со легализација на конопот за медицинска употреба.

Конопот во Македонија неоправдано се третира како најопасен лек

Со измените на Законот за контрола на дроги и психотропни супстанции кои Собранието на Република Македонија ги усвои во февруари 2016 година, нашата држава стана 14-та во Европа и 3-та во регионот што ја легализираше употребата на коноп во медицински цели. Но, првичните резултати од примената на Законот укажуваат дека ефектите не ја исполнуваат целта на оваа законска реформа. И покрај тоа што во воведниот текст на предлог законот е потенцирано дека „Канабисот, наречен „марихуана, коноп" е еден од најбезбедните лекови достапни денес" и дека „Многу ниска е инциденцата на негативна или алергиска реакција од канабис", одредбите од законот го третираат конопот како најопасен лек за чие одгледување се овластени само правни лица кои ќе обезбедат атмосферски заштитен простор со ограда висока најмалку 4 метри обиколена со 3 реда бодликава жица и со постојано видео и физичко обезбедување, како и друг задолжителен персонал. Овие строги безнедносни критериуми ги фаворизираат финансиски моќните правни лица за одгледувањето на коноп, така оневозможувајќи конкурентност на пазарот. Тие истовремено наметнуваат непотребни трошоци, што неминовно придонесува кон високи цени на лековите.

Монополот врз одгледувањето на коноп и производство на масло резултира со неквалитетни и скапи лекови

Масло од коноп само со ЦБД се најде во продажба во јуни 2016 година по цена од околу 3000 денари, додека од септември во аптеките е достапно и масло со минимални концентрации на ТХЦ и ЦБД кое се издава само со лекарски рецепт и чини од 5000 до 9000 денари. Овие цени се далеку од финансиските можности на граѓаните, а концентрациите на ТХЦ и ЦБД не ги отсликуваат потребите за лекување ниту за кратката листа на медицинските состојби за кои е дозволено препишување на препарати од коноп. Затоа, пациентите се приморани да набавуваат коноп или масло по нелегален пат, од црниот пазар во Македонија или од соседството, при тоа изложувајќи се себе и сопствените семејства во ризик за судир со законите. Една мајка на дете со епилепсија потенцира дека масло соодветно за лекување на оваа здравствена состојба сè уште не е достапно во продажба. Таа, и покрај ризиците, сама бере див коноп и подготвува масло за своето дете, а потребната количина на масло за 6 месеци ја чини само 1000 денари. Затоа е скептична дека и доколку соодветно маслото се најде во аптеките, цената би била прифатлива за нивното семејство. Лекарите-специјалисти не се изненадени што опстојува црниот пазар бидејќи, според нив, пациентите ќе продолжат да го набавуваат маслото од таму од каде што е поефтино. Тие се согласуваат дека формите на масло кои се достапни во продажба не се со соодветни концентрации за лекување на различни болести, а еден онколог илустрира дека не може да се очекува пациентите да испијат 100 милилитри масло за да ја добијат потребната доза од активните состојки ТХЦ и ЦБД. Неспорно е дека актуелното законско решение го промовира монополот врз одгледувањето на коноп и производството на лековите, при тоа очекувајќи дека пациентите кои страдаат од тешки и хронични болести ќе ги понесат сите финансики трошоци.

Листата на медицински индикации за употреба на коноп мора да се прошири

Законот дозволува препишување на лекови од коноп само по препорака од специјалисти по онкологија и радиотерапија, неврологија или инфективни болести кои се вработени во јавна здравствена установа која врши болничка здравствена дејност, и тоа само врз основа на потпишана изјава за согласност од страна на пациентите. Барањето на согласност е воопшто непотребно за лек со занемарливи несакани ефекти, каков што е конопот, и единствено придонесува кон зголемена стигма кон лековите од коноп и нивно спорадично препишување од страна на лекарите. Можноста за препишување само по препорака на специјалисти вработени во јавно-здравствени установи, пак, го повредува правото на пациентите за слободен избор на лекар.

Препишувањето на лекови од коноп е дозволено само за пациенти со малигни заболувања, заболени од мултиплекс склероза, со тешки епилептични синдроми во детска возраст и за луѓе кои живеат со ХИВ. Но конопот може да има терапевтски ефекти при многу повеќе здравствени состојби. Ова го потврдуваат бројни научни студии врз чија основа другите светски земји ги креираат националните политики. Во Израел, на пример, листата на здравствени состојби за кои е индицирана употребата на коноп содржи 10-тина болести, а израелското Министерство за здравство постојано ја проширува врз основа на препораките од лекарите и научните докази. Трошоците за лекување со препарати од коноп во целост ги сноси државата. Во Канада, пак, не постои ограничување на медицинските индикации, па секој лекар може да препишува лекови од коноп врз база на сопствената стручна проценка. Здравственото осигурување ги покрива трошоците за лекување со коноп за канаѓаните со хронични и тешки болести, а во останатите случаи пациентите сами си ги набавуваат лековите. И во двете земји, на пазарот се достапни разновидни форми на коноп наменети за лекување на различни здравствени состојби, па освен масло, пациентите можат да набаваат препарати од коноп за вапоризирање, пушење, јадење, за надворешна употреба и слично. И во Канада и во Израел, пациентите кои имаат медицинска препорака можат да добијат и лиценца за одгледување на одредена количина коноп за да сами ги подготвуваат своите лекови. Овие добри практики можат лесно да се адаптираат и во Македонија, со што на граѓаните кои имаат потреба да се лекуваат со коноп ќе им биде овозможен непречен пристап до препарати во соодветна форма, со потребната концентрација и за прифатлив или без никаков финансиски трошок.

Криминализацијата на поседувањето на коноп за лична употреба е спротивно на меѓународните трендови и препораки

Со измените на Законот за контрола на дроги и психотропни супстанции од февруари 2016 година беа усвоени и казнени одредби кои за прв пат во Македонија го криминализираат поседувањето на коноп за лична употреба. Тие се во директна спротивност со веќе постоечките одредби во Кривичниот законик кои не предвидуваат слични мерки. Освен што предизвикува правна несигурност спротивно на Уставот на РМ, ваквиот пристап се коси и со меѓународните трендови за либерализација на политиките за дроги и препораките на надлежните агенции на ООН. Затоа Македонија треба да ја прифати препораката од Комитетот за економски, социјални и културни права на ООН дадена во јуни 2016 и да ја ревидира оваа одредба на начин што ќе ја укине рестриктивната одредба од Законот.

Библиографија

Здравје Канада. *Информации за здравствени работници,* февруари 2013.

Министерство за здравство на Израел. *Постапка за дозвола за употреба на канабис*, јули 2015.

Службен весник на Република Македонија. *Указ за прогласување на Законот за изменување и дополнување на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции.* Службен весник на Република Македонија бр. 37/2016.

Службен весник на Република Македонија. *Правилник за образецот на рецептот, како и начинот за пропишување на лековите кои содржат супстанции и растенија класифицирани во листите II и III.* Службен весник на Република Македонија бр. 87/16.

Постоечкото законско решение за медицинска употреба на коноп во Македонија не ѝ служи на целта поради која беше донесен. Неопходна е промена на легислативата што ќе ги земе предвид потребите на пациентите и позитивните искуства од другите земји. Затоа се препорачува:

- Министерството за здравство и Агенцијата за лекови и медицински средства, преку соодветна јавна дебата и консултирање на стручната јавност и пациентите, а имајќи ги предвид добрите искуства од светот, да подготват нов предлог-закон со кој ќе се уреди медицинската употреба на коноп во Македонија. Новиот закон треба да даде само општи насоки и одредби, додека, пак, производството, преработката, дистрибуцијата и препишувањето препарати од коноп треба да биде уредено на пониско ниво, со правилници изготвени од надлежните институции.

- При подготвувањето на новото предлог-законско решение, Министерството за здравство и Агенцијата за лекови и медицински средства треба да ги изостават сегашните строги услови наложени за одгледување медицински коноп и треба да овозможат легална рамка во која пациентите со медицинска препорака, или од нив назначени лица, ќе можат сами да одгледуваат коноп и да го приготвуваат својот лек.

- Министерството за здравство треба да покрене иницијатива за креирање на соодветна листа на болести и специјалистички гранки надлежни за препишување на препаратите од коноп, врз основа на научните докази и искуствата од Македонија и од светот. Треба да креира и функционални протоколи за надополнување на оваа листа, како и јасни прописи за издавање на медицински препораки/рецепти.

- Агенцијата за лекови и медицински средства во регистарот на лекови треба да додаде масло од коноп со различни концентрации на активни супстанции, согласно потребите за третман на различни болести. Во листата треба да се додадат и други препарати од коноп корисни за лекување (за вапоризирање, пушење, јадење, за надворешна употреба и сл.).

- Министертвото за здравство и Агенцијата за лекови, во соработка со Министерството за образование и Лекарската комора треба да обезбедат можности за (до)едукација на здравствените работници од медицинските гранки надлежни за препишување на лековите од коноп.

- Фондот за здравствено осигурување на позитивната листа на лекови да ги додаде препаратите од коноп.

- Собранието на РМ треба итно да ги укине одредбите од Законот за контрола на дроги и психотропни супстанции со кои се криминализира поседувањето на коноп или негови препарати за лична употреба.

Ноември 2016 година

Автори:
Наташа Бошкова и Ивица Цековски

Целиот документ за јавни политики врз чија основа е подготвено ова резиме може да се најде на интернет страницата на ХОПС, во делот за публикации (www.hops.org.mk)

HOPS
HEALTHY OPTIONS PROJECT SKOPJE